# СОГЛЕДУВАЊА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

ЗА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА 2024-2028

## ФОКУС ГРУП

СТОПАНСКИ КОМОРИ
ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ЕНЕРГЕТИКА

British Embassy Skopje
UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА** ..... **3**

**ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ** ..... **4**

Перцепција за бизнис-средината и економските трендови ..... 4

Програма за работа на Владата 2024-2028 ..... 9

Препораки ..... 10

**ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО** ..... **12**

Перцепција за бизнис-средината и економските трендови ..... 12

Програма за работа на Владата 2024-2028 ..... 13

Препораки ..... 15

**ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА** ..... **18**

Перцепција за бизнис-средината и економските трендови ..... 18

Програма за работа на Владата 2024-2028 ..... 20

Препораки ..... 21

# ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа публикација содржи податоци од испитувањето на перцепцијата и ставовите на бизнис-секторот во Република Северна Македонија во врска со Програмата за работа на Владата 2024-2028. Фокус-групите ги спроведе компанијата Индаго за потребите на проектот „Преосмислување на управувањето“ реализиран од Центарот за управување со промени, а финансиски поддржан од Владата на Обединетото Кралство и Британската амбасада во Скопје.

Оваа публикација е составена од три дела, од кои секој се однесува на перцепцијата и ставовите на приватниот сектор за специфична област на политики кои Владата ги има предвидено и ги спроведува. Секој од трите делови ги има следните поединечни методолошки пристапи:

- Првиот дел се однесува на перцепцијата и ставовите на стопанските комори преку собирање на квалитативни податоци преку одржани 5 индивидуални интервјуа со следните субјекти: Бизнис-конфедерација на Северна Македонија, Регионална комора организирана при Стопанската комора на Северна Македонија со седиште во Прилеп, Македонско-бугарска стопанска комора, Сојузот на стопански комори на Македонија и Занаетчиска комора Скопје.
- Вториот дел се однесува на перцепцијата и ставовите на компаниите од областа на земјоделството преку собирање на квалитативни податоци од одржани 3 интервјуа и 1 фокус-група.
- Третиот дел се однесува на перцепцијата и ставовите на компаниите од областа на енергетиката преку квалитативни податоци од одржана 1 фокус-група.

Секој дел започнува со презентација на резултатите од квантитативните и квалитативните истражувања, а завршува со предлог препораки и заклучоци кои Владата потенцијално може да ги земе предвид при спроведување на мерките и политиките во односните области.

# ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ

## Перцепција за бизнис-средината и економските трендови

1. **Општа економска клима и очекувања**

- Позитивните очекувања на учесниците за економскиот развој на државата се базираат на неколку важни фактори: намалување на геополитичките ризици, поволни кредитни услови, нови финансиски средства за инфраструктурни проекти и поддршка за развој на МСП.
- Сепак, успехот ќе зависи од тоа дали ќе се направат потребните структурни промени и дали ќе се искористат достапните ресурси на најдобар можен начин. Банките и прекуграничната соработка играат важна улога во оваа транзиција, додека надворешните фактори, како што е завршувањето на војната во Украина, можат да придонесат за економскиот напредок на земјата.

2. **Глобални и домашни економски фактори**

- Стабилизација на глобалните геополитички кризи: Постепеното намалување на геополитичките напнатости и кризи може да создаде подобра глобална економска клима, што ќе овозможи повеќе инвестициски можности и стабилност за домашните бизниси.
- Намалување на каматните стапки: Ако каматните стапки се намалат, тоа ќе ги направи кредитите поповолни, што ќе поттикне компаниите да ги користат како финансиски алатки за раст и развој на своите компании.
- Достапност на поволни кредити и нови финансиски средства: Преку поволни кредити, како што е унгарскиот кредит, ќе се обезбедат свежи капитални ресурси за инфраструктурни и развојни проекти кои ќе имаат потенцијал да ја стимулираат економијата, особено во клучните сектори.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

„Мислам дека сега ќе дојде до промена, најновата мерка е унгарскиот кредит, позитивно го оценуваме.“

„Унгарскиот кредит ќе биде исклучително голем поттик за сите компании да имаат проекти и да бидат мотивирани да ги реализираат.“

„Многу зависи од околностите кои се надворешни фактори, но на тие фактори ние мора да сме подготвени. Ако заврши војната во Украина сѐ би било подобро.“

**3. Поддршка за микро, мали и средни претпријатија (МСП)**

- Поволни услови за МСП: Очекувањата за економијата се позитивни, особено ако Владата создаде поволни услови за работа на микро, малите и средни претпријатија (ММСП) кои претставуваат столб за развојот на економијата.

- Отстранување на административните бариери и дигитализација: Отстранувањето на административните бариери и поддршката за дигитализација на МСП може да води кон интензивен развој на малите компании, што ќе има долгорочни позитивни ефекти на економијата.

**4. Потреба од структурни промени и реформи**

- Длабоки реформи и стратегиски промени: Некои учесници во дискусијата ја нагласуваат потребата од длабоки структурни реформи и промена на стратегиите на Владата како клучни фактори за постигнување на раст. Потребно е да се извршат реформи кои ќе овозможат подобра конкурентност и иновација во економијата.

- Нови иницијативи, како што е унгарскиот кредит, се можност, но бараат структурни промени: Иако иницијативите како што е унгарскиот кредит претставуваат добар начин за финансирање на развојни проекти, успехот зависи од тоа дали ќе се направат соодветни структурни промени за ефективно да се искористат овие средства.

**5. Надворешни фактори**

- Завршување на војната во Украина: Некои учесници веруваат дека завршувањето на војната во Украина би донело позитивни промени на глобално ниво, што би се рефлектирало и на локалната економија преку зголемување на стабилноста, растот и развојот.

**6. Подобрена поддршка од банките и прекугранична соработка**

- Подобрена поддршка од банките: Очекувањата за подобрена поддршка од банките, преку понудата на поволни кредити и услуги, се исто така важен фактор за економски раст.

- Прекугранична соработка со Бугарија: Прекуграничната соработка со соседна Бугарија може да придонесе за повеќе можности за инвестиции и проширување на пазарите, што ќе биде корисно за двете земји и нивните бизнис-средини.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

„Долгорочни стратегии се клучни. Ние не бараме само решенија за моментални проблеми, туку визија за економски раст во наредните години.“

„Правилна стратегија немаме и затоа имаме вакви лоши резултати. Треба дефинитивно на компаниите да им дадеме квалитетни услуги за работење и на економијата да ѝ ја дадеме потребната енергија за таа да почне сама да се развива.“

Предизвиците за бизнисите, како што се недостатокот на квалификувана работна сила, нестабилните цени на енергијата и ограничената куповна моќ на домаќинствата, бараат големо внимание и долгорочни планови. За успешен развој, потребно е да се подобри инфраструктурата, да се поддржат малите и средни претпријатија и да се направат реформски промени кои ќе обезбедат стабилност и конкурентност.

**7. Работна сила**

- Недостаток на квалификувана работна сила: Овој предизвик е најизразен кај приватниот сектор кој се соочува со зголемени трошоци за обука и вработување. Ова значи дека компаниите се принудени да инвестираат значителни средства и ресурси во развој на кадри, што ја намалува нивната способност за брз раст и адаптација на пазарот.

**8. Енергија**

- Нестабилни цени на енергенсите: Цените на енергенсите претставуваат значителен трошок за компаниите, особено за оние во производствениот сектор. Нестабилноста на цените создава неизвесност и го намалува долгорочниот план за инвестиции. Како решение, многу компании бараат поддршка за инвестирање во обновливи извори на енергија.

**9. Домашен пазар**

- Ограничена куповна моќ на потрошувачите: Ограничената куповна моќ на домаќинствата влијае на потенцијалот за раст преку домашна продажба. Бизнисите имаат тешкотии во зголемување на продажбата бидејќи потрошувачите не можат да си дозволат поголеми трошоци.

**10. Економски мерки и нивното влијание**

- Проблематични краткорочни мерки: ad hoc мерките како замрзнување на цените и потрошувачките кошнички можат да обезбедат краткорочни олеснувања, но не се во согласност со динамиката на глобалните пазари. Овие мерки може да создадат дополнителни неефективности и да ги нарушат пазарните механизми.
- Потреба од долгорочни мерки: Учесниците ја идентификуваат потребата од долгорочни економски мерки, како што се дигитализацијата, поттикнување на локалното производство и почитувањето на принципите на слободен пазар. Овие мерки ќе овозможат постојан раст и конкурентност на компаниите во земјата, што ќе придонесе за економската стабилност и развој.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

„Владата треба да воспостави систем на образование и обуки за работоспособно население, сè со цел да даде поголем придонес во своето секојдневно работење.“

„Да се отстранат сите административни бариери. Дигитализација, поедноставување на процесите за малите компании ќе значи нивни интензивен развој. Да се работи на тоа ако сакаме добри резултати.“

### 11. Двигатели на економскиот раст во земјата

Во однос на клучните **„двигатели“** кои имаат способност да ја движат економијата напред, генерирајќи нова активност и потенцијал за раст, учесниците го истакнуваат следното:

- Извозно ориентирани компании – Овие компании произведуваат стоки или услуги кои се извезуваат во други земји, што ја поттикнува економијата преку увоз на странски капитал и создавање нови работни места, но овие компании се изложени на ризици од глобалните економски флуктуации.

- Мали и средни претпријатија (МСП) – МСП играат важна улога во создавање на нови работни места, иновации и економски раст, но се соочуваат со ограничен пристап до капитал. Потребно е зголемување и олеснување на пристапот до финансии и воведување на долгорочни кредитни линии. Потребно е да се фокусираат напорите на подобрување на инфраструктурата и обезбедување на соодветна поддршка за овие претпријатија бидејќи тие се основни двигатели на економскиот раст.

- Инфраструктурни проекти – Инвестирањето во капитални проекти кои претставуваат основа за развој на други сектори и поттикнување на економската активност, има потенцијал да создаде мултиплицирани ефекти врз вработувањето и локалните економии.

- Сива економија: Справувањето со сивата економија е идентификувано како клучен приоритет. Сивата економија е најголема пречка за развој на економијата во државата.

- Дигитализација и реформи: Потребата од длабоки реформи, особено во доменот на административните процедури и дигитализацијата, се нагласува како клучна за зголемување на ефикасноста на економијата.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

*„Сивата економија е во големи размери, тоа е една од најголемите пречки и мора итно да се делува.“*

*„Младите претприемачи се нашата иднина, но им требаат финансиски и советодавни услуги од државата за да го започнат својот бизнис.“*

### 12. Пазар на труд

Еден од најголемите предизвици кој го посочуваат е недостатокот на квалификувана работна сила. Иако земјата има потенцијал за економски раст, овој недостиг директно го ограничува капацитетот на компаниите за проширување. Предлог-законот за дуално образование е издвоен како позитивен чекор кој може да иницира значајни промени и да помогне во надминување на проблемот со недостигот на квалификувана работна сила.

Високата стапка на емиграција дополнително ја намалува достапноста на квалификувани работници. „Одливот на мозоци“ се истакнува како долгорочна закана. Ова не само што го намалува бројот на работници, туку и создава празнина во стручниот кадар.

### 13. Улогата на странските директни инвестиции (СДИ)

СДИ се сметаат за еден од клучните фактори за зголемување на економската конкурентност.

- Учесниците изразија значајна поддршка за странските директни инвестиции (СДИ), но исто така нагласија потреба за еднаков третман на домашните компании. Домашните компании често чувствуваат дека се запоставени во споредба со странските инвеститори.
- Учесниците имаат позитивни ставови кон СДИ како фактор за развој на економијата. Сепак, се истакнуваат и различни перспективи во однос на ефектите на СДИ. Иако странските инвестиции обезбедуваат нови работни места и зголемување на платите, нивниот долгогодишен ефект на економијата се смета за ограничен. Потребна е дополнителна стратегија за да се осигури одржливост и поширок економски ефект.

### 14. Важност на владините политики

- Учесниците посочуваат дека Владата треба да го рационализира трошењето на јавните средства и да даде приоритет на капиталните инвестиции.
- Да се даде поголема поддршка на локалното производство, потребни се стимулативни мерки за зголемување на продуктивноста на домашните компании.
- Нагласена е потребата од олеснување на законската регулатива за водење бизнис. Намалувањето на административниот товар врз приватниот сектор би создало подобри услови за бизнис-развој и би ја поттикнало конкурентноста на домашните компании.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

„Во делот за квалификувана работна сила, со нетрпение го очекуваме Законот за дуално образование со практична обука кај работодавец. Очекуваме некои поголеми промени.“

„Доколку сакаме да растеме, треба да добиваме финансии со исти услови како странците.“

## Програма за работа на Владата 2024-2028

### 1. Комуникација помеѓу Владата и приватниот сектор

Учесниците потенцираат подобрување во комуникацијата со новата Влада преку посети на стопанските комори и здруженијата. Сепак, има доза на скептицизам за тоа колку ефективна ќе биде оваа соработка во создавање на решенија што ќе ги адресираат потребите на бизнисите. Потенциран е обемот на Програмата на Владата како пречка за нејзино целосно проучување, затоа сметаат дека компаниите се делумно запознаени. Изразуваат сомнеж дека политиките ќе бидат доследно имплементирани, особено во услови на политички нестабилности. Сепак, сметаат дека е сè уште рано да се коментира Програмата на Владата, особено ефектите врз приватните компании.

Се укажува на потребата од поефективен дијалог помеѓу Владата и приватниот сектор, особено во ситуации каде законските решенија се носат без инволвирање на луѓе со практично искуство од приватниот сектор.

Генерално кажано, фокусот на Владата треба да биде на креирање политики кои ќе ја поддржат економијата, здравството, образованието и животниот стандард, со еднаков третман на македонските и странските инвеститори.

### 2. Мерки и нивно влијание врз економијата

- Очекувањата се Владата да вложи значајни средства во економијата во следната година. Се потенцира важноста на правилна распределба на средствата со цел да се постигне ефективност и одржливост. Како предизвик се согледува тоа дека македонските компании често не се конкурентни поради пристапот на Владата кон странските инвестиции.
- Се истакнува важноста на капиталните инвестиции и создавање услови за привлекување странски директни инвестиции. Критички се анализира економската политика што, според нив, се базира на евтина работна сила, наместо на додадена вредност за македонската економија.

### 3. Системски проблеми и насоки за решенија

- Комуникациски јаз: Учесниците укажуваат дека Владата често донесува ad hoc решенија кои не се во корист на долгорочниот развој на економијата.
- Инфраструктура: Постојат недостатоци во инфраструктурните проекти (патишта, железница) кои се бариера за економски развој и регионална конкурентност.
- Еднаквост во мерките: Постои недоволна поддршка за македонските компании во споредба со странските инвеститори.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**
*„Не е јасно како ќе се реализираат мерките и дали навистина ќе имаат позитивен ефект на нашите бизниси или само ќе бидат формални објави. Рано е да се зборува сè уште.“*

## Препораки

Учесниците во истражувањето ги идентификуваа следните приоритети за поддршка на приватниот сектор:

- Формирање функционални тела за континуиран дијалог помеѓу приватниот сектор и Владата за навремено решавање на сите предизвици и подобрување на политиките.
- Инклузивност во креирањето на политики преку директно учество на експерти од приватниот сектор во законодавниот процес.

**Економски развој**

- Структурни реформи:
  - Потребни се темелни реформи во економијата за подобрување на деловното опкружување. Тоа опфаќа едноставност на процедурите за отворање нов бизнис, пократко време за издавање дозволи, полесен пристап до финансии за МСП, како и воведување електронски платформи за побрзи административни услуги.
  - Сето ова ќе поттикне странски и домашни инвестиции и ќе ја зголеми конкурентноста на пазарот.
- Инвестирање во инфраструктура:
  - Транспарентно управување со сите инвестиции, особено оние кои се најважни односно се од најголем интерес во бизнисот, како капиталните инфраструктурни иневстиции кои би ја олесцале работата на компаниите.
  - Фокус на обновливи извори на енергија за намалување на трошоците и зголемување на долгорочната стабилност.
- Поддршка за мали и средни претпријатија МСП:
  - Обезбедување долгорочни кредитни линии и поволни финансиски средства за раст на малите и средни компании. Целта да биде да се стимулираат претприемачките активности и ќе се зголеми бројот на успешни мали бизниси.
  - Поттикнување на дигитализацијата и автоматизацијата за зголемување на ефикасноста и продуктивноста.
- Справување со сивата економија:
  - Зголемување на контролите и спроведувањето на регулативите за справување со сивата економија, со цел создавање еднакви услови за сите. Да се работи на намалување на нелојалната конкуренција и зголемување на приходите во буџетот.

**Пазар на труд**

- Подобрување на квалификациите на работната сила:

- Воведување на дуално образование за создавање квалификувани кадри според потребите на пазарот.

- Поддршка на приватниот сектор преку иницијативи за обука и преквалификација на работната сила. Да се создадат генерација на квалификувани кадри подготвени за различни сектори.

- Привлекување и задржување на младите:

- Создавање стимулативни услови и национална стратегија за задржување на младите и квалификувани кадри во земјата.

- Сеопфатна поддршка за вработување, како и овозможување услови за самовработување и започнување на свој бизнис.

**Економски мерки**

- Долгорочни стратегии:

- Замена на краткорочните и ad hoc мерки со долгорочни економски политики насочени кон одржлив раст.

- Еднаков третман на македонските и странските инвеститори, како и еднаков пристап во однос на инвестирање во слободните економски зони. Мерки кои ќе донесат финансиска и профитаблина одржливост на македонските компании.

- Олеснувања и политики кои ќе ја поттикнат македонската економија, преку поттик за трошење на македонските производи низ одредени мерки.

- Се јавува и потребата државата да развие долгорочна стратегија за поддршка на домашните производители преку мерки, како субвенции за извоз, едукација за извозни пазари и олеснување на царинските процедури.

- Улогата на банките:

- Банките треба да развијат производи и услуги наменети за различни сектори и да понудат подостапни услови за мали бизниси.

- Да се стимулира економскиот раст преку поддршка на секторите со најголем потенцијал.

# ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

## Перцепција за бизнис-средината и економските трендови

Индивидуалните земјоделци и компаниите од земјоделско-прехранбената индустрија кои беа дел од истражувањето, делумно се оптимисти за подобрување и развој на оваа индустрија, со став дека производството на храна сепак треба да остане примарна гранка како основа за егзистенција, но треба многу да се вложува и да се поттикне развојот, производството и сигурен пласман на земјоделските производи.

Компаниите повеќе се насочени кон поголеми инвестиции и следење на трендови и новитети, но се со очекувања за финансиска помош од страна на државата, особено малите компании во оваа дејност.

### 1. Климатски промени и недостиг на работна сила

Учесниците во истражувањето изразуваат првично голема загриженост за недостатокот на кадар како квалификувана, така и неквалификувана работна сила. Со текот на годините сѐ помалку младите се ориентирани кон земјоделството, а сето тоа влијае на намалување на производството на земјоделски производи.

Исто така, постои загриженост и за климатските промени кои се едни од главните фактори што негативно влијаат на квалитетот и квантитетот на земјоделските производи. Зголемувањето на температурите и се почестите сушни периоди, значително влијаат на квалитетот на специфични производи како што е грозјето и градинарските култури, што бара адаптација во процесот на производство и поголеми вложувања во реконструкција на водоводните мрежи.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

> *„Климатските промени и недостатокот на работна сила се најголемите закани за иднината на земјоделството.“ [приватна компанија]*
>
> *„Младите не сакаат да се занимаваат со земјоделство, си одат од државата. Ќе биде скапо и ќе ја нема храната.“ [индивидуален земјоделец]*

### 2. Проблеми со поддршката од државата

Индивидуалните земјоделци и компаниите делат слични ставови кога станува збор за недостаток на ефикасна поддршка од страна на Владата.

### 3. Недоволна достапност до финансиски средства

Индивидуалните земјоделци се соочуваат со недостаток на модерна механизација која ќе им го олесни процесот на работа, како и неможноста самостојано да ги финансираат истите. Додека, компаниите сметаат дека им се потребни одредени кредити со ниски камати за нивните

сезонски потреби или субвенционирање на репроматеријали кои ги користат во своето производство.

4. **Недостаток на соодветна едукација**

Индивидуалните земјоделци истакнуваат дека кај овој профил недостасува поголема едукација и механизми кои ќе им овозможат да стекнат поголеми знаења за различни пристапи и современи практики кои се користат во земјоделието.

5. **Несоодветна распределба на субвенциите**

Земјоделците сметаат дека субвенциите кои се даваат од државата се често злоупотребени, односно не се користат за намената за која се добиени, што води кон демотивација кај оние кои се занимаваат со производство на земјоделски производи и редовно ги подмируваат своите обврски кон државата.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

> *„Секогаш се прилагодуваме на климатските промени, но потребна ни е финансиска поддршка за да го одржиме производството и да продолжиме со квалитет.“ [приватна компанија]*
>
> *„Ако немаме финансиска инјекција за откуп на грозје и репроматеријали, ние многу тешко да продолжиме.“ [приватна компанија]*
>
> *„Ни треба едукација, нови книги и знаење за да се модернизираме. Светот работи поинаку.“ [индивидуален земјоделец]*

## Програма за работа на Владата 2024-2028

1. **Комуникација меѓу Владата и приватниот сектор**

Поделени се искуствата на испитаниците во однос на тоа колку Владата има транспарентна комуникација со приватниот сектор во земјоделско–прехранбената индустрија. Поголемите компании кои се вклучени во земјоделските здруженија имаат искуство на директно вклучување преку свои предлози и сугестии кога се креираат политики или се менуваат закони и донесуваат правилници со кои е засегната нивната дејност. Сметаат дека Владата, генерално, во последните 10 години не прави ништо тајно во тој поглед.

Од друга страна, малите компании и индивидуалните земјоделци сметаат дека Владата не го слуша нивниот глас, а комуникацијата е особено активна само во предизборни периоди. Сметаат дека законите и прописите се носат без да бидат вклучени сите засегнати страни.

2. **Предлози за подобрување на комуникацијата**

Индивидуалните земјоделци и малите компании кои беа дел од истражувањето сметаат дека е потребно да се воспостави некој механизам со кој ќе бидат земени предвид нивните мислења и предлози во процесот на креирање на политики.

Сметаат дека е потребно да се организраат средби неколку пати во годината со претставници од Владата кои ќе имаат директна комуникација со земјоделците. Според нив, потребни се почести

и навремени средби за информирање како за сите нови закони и прописи, така и за мерките предложени и предвидени од Владата.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

*„Малите компании немаат шанси да дојдат во комуникација со Владата.“ [приватна компанија]*

*„Мора да најдат механизам каде што ќе бидат слушнати нашите мислења и препораки.“ [индивидуален земјоделец]*

### 3. Запознаеност со Програмата за работа на Владата 2024-2028

Најголем дел од испитаниците не се запознаени со планираните цели и активности на Владата за приватниот сектор во земјоделството. Додека оние кои се запознаени и се информирани, ги споменаа политиките и мерките кои се однесуваат на заштита на растенијата, односно контролирана заштита на растенијата, исто така ги споменаа поддршките кои ќе следат преку ИПАРД и руралната програма.

Понатаму, сметаат дека тоа што се ветува и предвидува од страна на Владата за реконструкција и инвестирање во водоводните мрежи кои се најголем проблем за оние кои се во оваа дејност е остварливо само сметаат дека ќе биде потребен поголем ангажман. Дополнително, сметаат дека генерално поддршките кои се преку Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој, како и предвидените субвенции за земјоделците дека се остварливи.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

*„Исто така, мислам дека и поддршките преку националните програми и тие се остварливи, субвенциите и тие се остварливи само што мислам дека треба да се зголемат. Долги години се исти, а инпутите на земјоделците пораснаа.“ [приватна компанија]*

*„Тоа што го ветуваат за реконструкција и инвестирање во водоводните мрежи, мислам дека е остварливо.“ [приватна компанија]*

### 4. Препораки и мерки кои се предложуваат од учесниците, со цел да се зајакнат земјоделските капацитети и да се овозможи одржлив економски развој

- <u>Поддршка за професионалните земјоделци:</u>

Да се зголемат субвенциите за земјоделството коишто долги години се исти. Да им се даде предност на професионалните земјоделци кои вложуваат и имаат поголеми инвестиции во нивното производство и оние на кои земјоделството им е основна егзистенција, а не дополнителна дејност. Да се воведат јасни критериуми или програми по кои ќе се дава приоритет, во зависност од нивните потреби и придонес кон земјоделството.

- <u>Едноставни процедури за сезонски работници:</u>

Имаат потреба од олеснување на процедурите за вработување на сезонски работници. Со предлог за фокус на соседните земји и регионот, за да се надмине недостигот на локалната

работна сила. Да се овозможи регулатива која воедно ќе ја заштити државата, но и ќе овозможи навремено вработување на странски сезонски работници во земјоделството за да се избегне да останат недообработени земјоделските површини.

- Подобрување на инфраструктурата во руралните средини:

Потребно е да се обезбедат еднакви услови за живот и на руралното население и на урбаното. Да постои поголема иницијатива и заложба за развој на проекти кои ќе бидат насочени кон тоа во руралните средини да се овозможат основните услови за живот како што се чиста вода, канализација, патишта, јавен превоз, градинки и пристап до здравствени услуги во местото на живеење.

- Обнова на преработувачките капацитети:

Да се поддржи изградба на преработувачки капацитети во регионите кои се занимаваат со земјоделство со тоа да се поттикне преработката и производството на земјоделски производи, создавање на нови работни места и развивање на македонски брендови.

## Препораки

### Недостаток на квалификувана работна сила

Еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат учесниците во истражувањето е недостатокот на млади, квалификувани кадри и сметаат дека треба државата да вложи повеќе во едукација и практична обука во оваа индустрија.

### Климатски промени

Справувањето со климатските промени и влијанието кое тие го имаат врз земјоделските производи е, исто, така еден од најголемите предизвици со кој се соочуваат сите оние кои се во земјоделско-прехранбената индустрија. И индивидуалните земјоделци и компаниите посочуваат дека климатските промени значително влијаат на производството и бараат итни вложувања во системи за наводнување.

Некои од испитаниците ја истакнаа својата загриженост дека државата е повеќе насочена кон развој на други индустрии, како што се енергетиката и поставувањето на фотоволтаични панели, што се прави на сметка на земјоделството. Тие посочуваат дека голем дел од земјоделските површини се пренаменуваат, со што не само што се намалува пристапот до плодна земја, туку се троши и водата, која е неопходна за земјоделско производство.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

*„Младите сега не сакаат да учат, иако сега земјоделството е добро платена работа.“ [приватна компанија]*

*„Младите не сакаат да се занимаваат со ова, можеби да, доколку има соодветно образование ако се стимулираат би било добро.“ [индивидуален земјоделец]*

*„Без вода не можеме да го одржиме родот, системите се во катастрофална состојба.“ [индивидуален земјоделец]*

*„Нема никаква инвестиција во системот за наводнување, а за тоа Владата е крива. Најголем проблем е што сега државата се насочува кон индустријата на сметка на земјоделството, се поставуваат фотоцентрали, ветерници и се троши водата за електрична енергија затоа што некој дава пари на некого за да произведува струја.“ [индивидуален земјоделец]*

**Мерки за финансиска поддршка**

Приватните компании имаат различни искуства со програмите за финансиска поддршка, како што се ИПАРД и Програмата за рурален развој. Додека некои компании изразуваат задоволство од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, која ја сметаат за ефикасна и корисна, други нагласуваат значителни предизвици при користењето на ИПАРД програмата.

Генерално, процедурата за аплицирање преку ИПАРД програмата според нивното искуство е сложена, обемна и многу исцрпувачка, потреба од многу документација и долг период на одобрување.

Дополнително, дел од индивидуалните земјоделци се воздржуваат од аплицирање поради високите критериуми, ризикот од одбивање поради ригорозните барања како и сложената процедура. Недостатокот на доволно знаење да се пополни целата документација дополнително им создава чувство на несигурност и фрустрација.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

*„Од Програмата за рурален развој сум 100% задоволна од искуството. А од ИПАРД многу напорно и исцрпувачки, неколку пати и сум била одбиена од тие повици за банални работи. Затоа мислам дека помалите земјоделци поретко се одлучуваат да аплицираат преку ИПАРД затоа што многу е ситничаво, многу е обемно и за мала ситница може да ти пропадне цел проект.“ [приватна компанија]*

**Учесниците во истражувањето водени од своето долгогодишно искуство и работа во земјоделско-прехранбената индустрија ги предложуваат следните ставки како најважни за поддршка на земјоделството:**

- Поддршка на образовните институции: Владата треба да обезбеди поголема поддршка за средните земјоделски училишта и факултети со цел да се обезбеди потребната стручност во земјоделскиот сектор. Потребно е да се најде начин со кој ќе се стимулираат младите да се запишуваат на овие насоки и да посетуваат обуки. Да се создаде средина за создавање на нова генерација земјоделци со напредни вештини.
- Промена на перцепцијата за земјоделството: Се создава впечаток дека земјоделството како професија е сѐ повеќе потценета со години и затоа е потребна промена на перцепцијата во нашето општество. Да се најде начин преку кој ќе се покаже дека земјоделството има важна улога во економскиот развој на државата.

- Решавање на бирократските проблеми: Олеснување и поедноставување на процесите за добивање финансиска поддршка, како и потранспарентна комуникација помеѓу индивидуалните земјоделци и државните институции. Да се намалат административните пречки при аплицирање за финансиска поддршка и да се мотивираат младите да останат во државата и да инвестираат во земјоделскиот сектор.
- Иновации и субвенции: Повеќе понудени субвенции од страна на државата за суровини и репроматеријали. Да им помогне на компаниите да ги зголемат своите можности за извоз на своите производи.
- „Капка по капка“ систем: Владата треба активно да стимулира употреба на ефикасни системи за наводнување како што е системот „капка по капка“. Може и да се обезбедат субвенции или поволни каматни стапки за кредити за земјоделците кои сакаат да го имплементираат ова решение.
- Мерки за справување со климатските промени: Климатските промени претставуваат сериозна закана за земјоделството, затоа се потребни конкретни мерки со кои ќе може да се адаптираат земјоделците. Стручните лица треба да разработат национална стратегија за справување со климатските промени, да се вложи во нови методи за заштита и да се субвенционираат земјоделски култури кои се поотпорни на климатските влијанија.

# ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА

## Перцепција за бизнис-средината и економските трендови

Компаниите кои учествуваа во ова истражување гледаат голем потенцијал во енергетскиот сектор, сметаат дека овој сектор е значаен особено поради зголемената побарувачка за искористување на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност.

Некои од компаниите истакнуваат дека се зголемува приоритетот за инвестирање во енергетскиот сектор како резултат на повисоките цени на електрична енергија. Ова создава услови за потенцијален раст на секторот.

Покрај потенцијалот за раст на овој сектор, компаниите се соочуваат со одредени предизвици.

1. **Главни предизвици со кои се соочуваат компаниите од овој сектор**

Предизвици со човечки ресурси: Најизразен е недостатокот на квалификуван кадар, што го ограничува капацитетот на компаниите да ги задоволат сè поголемите барања. Учесниците нагласија дека овој недостиг може да води кон намалување на квалитетот на услугите, а клиентите ќе очекуваат многу во иднина, но ќе добиваат помалку.

Влијание на надворешните фактори: Компаниите истакнаа дека промените на пазарот, односно покачените цени на електричната енергија ќе имаат директно влијание на стабилноста на секторот. Дополнително, ја посочувааат нелојалната конкуренција каде што неквалификувани лица нудат услуги во секторот енергетика, што ја намалува довербата на пазарот.

Сложени бирократски процедури: Се наведува како друг значаен предизвик за приклучување на електричната мрежа и добивање на дозволи, што дополнително го отежнува процесот и ефикасноста на компанијата.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

*„Енергетиката станува приоритетна инвестиција поради зголемените цени на енергијата.*
*Заштитата од нелојална конкуренција е клучна. Без тоа, нема како да се обезбеди фер игра на пазарот..“*
*„Темата е актуелна, во наредните години ќе биде сè поактуелна и бизнисот е доста раширен, но тоа не значи дека нема да очекуваме проблеми од необразован кадар.“*

2. **Клучни двигатели за долгорочниот развој на енергетиката**

- Поддршка од државата и субвенции: Компаниите се согласни дека државните субвенции и стратегии за стимулирање на инвестиции ќе бидат клучни за инвестирање во секторот.
- Технолошки напредок и инвестиции во нови технологии: Секторот бара постојано инвестирање во енергетската инфраструктура и нови технологии.

- Модернизација и реконструкција на електромрежата е неопходна за да се поддржат обновливите извори на енергија и зголемените енергетски потреби. Овие компании сметаат дека сегашната енергетска инфраструктура е застарена и бара итно обновување. Учесниците истакнаа дека подобрувањата во инфраструктурата би го зголемило капацитетот за интеграција на нови технологии.

**3. Поддршка од Владата**

- Неопходност од конкретни мерки: Учесниците во фокус-групата укажуваат на потребата од конкретни мерки за поддршка на енергетскиот сектор. Многу се зборува за нови технологии, но нема доволно обучени кадри кои можат да ги имплементираат тие технологии. Проблемите со човечките ресурси се заеднички не само за овој сектор, затоа Владата треба да се фокусира на субвенционирање на дефицитарните струки и на создавање услови за образованието да одговара на потребите на секторот.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

*„Мрежата за електрификација е една од најстарите и најнеефикасни. Потребни се системски обуки за новите технологии. Ако нема кој да ги користи, напредната опрема станува бескорисна.“*

*„Како клучен фактор би можело да наведам дека е субвенционирањето од страна на државата. Би било голем поттик за фирмите да инвестираат во овој сектор, моменталната ситуација не дава добра слика за профитабилен бизнис.“*

- **Долгорочни инвестиции:** Сметаат дека секторот енергетика бара долгорочни стратегии кои ќе го поттикнат учеството на приватниот сектор во развојот на енергетиката. Општ став е дека Владата има минимални и недоволни активности во поддршка на секторот.
  - Недоволната фокусираност на практични мерки, како анализа на пазарот и таргетирани интервенции ја ограничува енергетската ефикасност и развојот на секторот.
  - Учесниците во фокус-групата истакнаа потреба од заеднички проекти со соседните земји. Сметаат дека регионалната соработка и размената на добри практики би можеле да помогнат за развој на енергетскиот сектор и имплементација на иновативни решенија.
- **Пример од регионот:** Во фокус-групата беше споделен позитивен пример од Косово, каде укажуваат дека со јасни политики за субвенционирање во државата може да се поттикнат поголеми резултати и кај компаниите и кај крајните корисници. Владата треба да вложи напори ако сака да ја подобри енергетската ефикасност. Примената на субвенции за енергетски ефективни технологии, како што се топлински пумпи и фотоволтаици се спомнува како добра пракса. Учесниците предложија дека и кај нас може да се примени сличен модел за подобрување на енергетската ефикасност и за зголемување на конкурентноста на фирмите во овој сектор.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

*„Инвестирањето во заеднички проекти за обновлива енергија ќе го направи секторот поконкурентен.“*

*„Владата мора да субвенционира технологии и обуки. Ако сакаме одржлив развој, треба конкретни чекори, не само декларации.“*

*„Можеме многу да научиме од земјите во регионот. Заедничките проекти би биле од корист за сите.“*

## Програма за работа на Владата 2024-2028

1. **Комуникација со Владата**

- Учесниците во фокус-групата изразија општо незадоволство од недостаток на директна и ефикасна комуникација со Владата.
- Компаниите се чувствуваат запоставени, без можност да влијаат на креирањето на закони и прописи.
- Ја нагласуваат потребата од поактивна и директна комуникација со Владата за подобро адресирање на нивните потреби.

2. **Информираност за владините мерки**

- Компаниите посочуваат дека Владата не обезбедува доволно јасни и транспарентни информации за достапните мерки и субвенции. Повеќето учесници не се запознаени со мерките од Програмата за работа на Владата 2024-2028.
- Компаниите, исто така, посочија дека досега се соочиле со административни и финансиски пречки при користење на финансиска поддршка, особено субвенции и кредити за енергетска ефикасност.

Некои од компаниите споделија дека досега имаат користено кредити преку Програмата за финансирање на зелената економија (GEFF) на Европската банка за обнова и развој. Според нивното искуство, процесот на аплицирање и условите не се едноставни, со обемна документација што бара значително време за подготовка. Тие сметаат дека поедноставувањето на овој процес може да ги поттикне и други компании да аплицираат за ваков тип на кредити.

**Дел од искажаните ставови и мислења од страна на испитаниците:**

*„Субвенциите се добра идеја, но процесот за аплицирање треба да биде полесен и достапен за сите.“*

*„Комплексноста на процесите за аплицирање за финансиска поддршка ги обесхрабрува компаниите..“*

## Препораки

**Учесниците во истражувањето ги идентификуваа следните приоритети за поддршка на енергетскиот сектор**

**Развој на кадри:** Финансирање на специјализирани обуки и воведување програми за практична едукација преку соработка со компании, со цел усогласување на образовниот систем со потребите и барањата на енергетскиот сектор.

**Финансиска поддршка:** Субвенции и државни поттикнувања како клучни мерки за долгогодишен развој на секторот. Потребно е активирање на владините мерки кои ќе го стимулираат секторот, како што е субвенционирање на инвестиции во нови технологии и опрема како и поддршка за обука на кадри. Процесите за аплицирање треба да бидат поедноставени, со цел да се обезбеди поголем пристап и транспарентност за компаниите.

**Справување со нелојалната конкуренција:** Владата треба да воведе регулативи за заштита од нелојалната конкуренција, обезбедувајќи само квалификувани лица и компании да работат во секторот енергетика.

**Подобрување на енергетската инфраструктура:** Модернизација и реконструкција на електромрежата за поддршка на обновливите извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Владата треба да инвестира во одржливи технологии и подобрување на системот за пренос на електрична енергија.